РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2763/2
06-10-2020 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), постапувајќи по предмет оформен по пријава доставена од подносителот --------- од ------ на 20.05.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на 39-тата седницата одржана на 02.10.2020 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата поднесена од подносителот -------------------- на 20.05.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-2763/1 од 20.05.2019 година, во која се изразува незадоволство од донесеното Решение на Вишото Јавно обвинителство Скопје IV КОЖ/1 бр. 587/18 од 17.01.2019 год и Решението КО бр. 269/17 од 25.10.2018 година на Основното јавно обвинителство Скопје со кои е отфрлена кривичната пријава на подносителот на пријавата поднесена против правното лице ------------ за кривично дело Измама од чл. 247 ст.4 вв ст.1 од КЗ и против судијката ------------- за кривично дело Злоупотреба на службена положба и овластување од чл. 353 став 3 вв ст.1 од КЗ , бидејќи кривичните дела не се кривични дела за кои се гони по службена должност, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-2763/1 од 20.05.2019 година од причина што по истиот предмет друг надлежен орган (Јавното обвинителство на РСМ) веќе се произнесол по конкретниот случај, односно повел постапка согласно закон, ја утврдил фактичката состојба и донел одлука.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-2763/1 од 20.05.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од подносител ------------------.

Во пријавата се изразува незадоволство од донесеното Решение на Вишото Јавно обвинителство Скопје IV КОЖ/1 бр. 587/18 од 17.01.2019 год Решението КО бр. 269/17 од 25.10.2018 година на Основното јавно обвинителство Скопје со кои е отфрлена кривичната пријава на подносителот на пријавата поднесена против правното лице -------------- за кривично дело Измама од чл. 247 ст.4 вв ст.1 од КЗ и против судијката ------ за кривично дело Злоупотреба на службена положба и овластување од чл.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

353 став 3 вв ст.1 од КЗ, бидејќи кривичните дела не се кривични дела за кои се гони по службена должност.

Во пријавата се наведува дека подносителот бил вработен во -------- во периодот од 1978 до 1994 година како ликвидатор–самостоен референт за осигурување во --------- и како вработен поседувал 234 акции. Во 1996 година против него се водела судска постапка за кривично дело Кражба на 50.000,00 марки, која постапка завршила со правосилна судска пресуда и тој бил осуден за тоа кривично дело. Подносителот истакнува дека била причината материјална штета од 30.000.000,00 денари на име неисплатена дивиденда и камата, дополнително со измама на судот се продадени 234 акции кои гласеле на негово име - -------, а биле издадени од -------. Против судијката -------- за кривично дело - Злоупотреба на службена положба и овластување по член 353 т.3 од КЗ и ------ – ------ за кривично дело Измама по чл.274 од КЗ, поднел кривична пријава до Основното јавно обвинителство Скопје. Подносителот на пријавата истакнува дека ------- претставник на -------- извршил кривично дело Измама со тоа што со писмен допис од 1996 година доставен до судот, тој, ------- се изјаснил дека акциите претставуваат гаранција за расчистување на должничко-доверителските односи помеѓу ------ и ------, кој исказ бил земен за релевантен и одлучувачки доказ во одлучувањето во судскиот предмет бр. 1481/97, која пресуда подоцна по поведена постапка по жалба пред Апелациониот суд, била потврдена. Како што истакна подносителот, судијата ------- во судската постапка неправилно ја утврдила фактичката состојба, со тоа што во целост се потпрела на дадениот исказ на од претставникот на -----, ------ со што извршила, како што наведува подносителот, кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување по чл. 353 ст. 3 од КЗ.

Подносителот поднел кривични пријави против судијката ----- и -----, претставник од ----- ----, кои пријави биле отфрлени од Основното јавно обвинителство со образложение дека споменатите кривични дела не се гонат по службена должност. Подносителот доставил и жалба до Вишото јавно обвинителство, кое го потврдило решението на ОЈО-Скопје.

Од увидот во содржината на пријавата и приложената документација како и дополнително прибавените информации од остварената средба со подносителот на пријавата, ДКСК констатира дека по однос на конкретниот случај друг надлежен орган (Јавното обвинителство на РСМ) при донесување на конкретното Решение, ги испитал наводите, доказите приложени кон пријавата, ја утврдил фактичката состојба и донело конкретна одлука.

Оттаму, имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: м-р И.П.
Одобрил: м-р В.Г., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**